З А П И С Н И К

Од 41-та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 41-та редовна седница на ден 29.01.2021 година (Петок) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Виолета Ристова, Бранко Трајков и Ракип Асанов.

На седницата присуствуваа,Бранко Андонов, Верче Миткова, Славе Андонов, Горан Андонов,Ристо Михаилов претставници од општинската аддминистрација во Василево.

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 41-та седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 40-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 31.12.2020 година немаше пријавено за збор беше ставен на гласење од вкупно присутни 11 советници Советот на општина Василево го усвои со11 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на 41- та седница на Совет на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2020 година за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година (К-1);
2. Квартален извештај за доспеаните а наизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година (К-2);
3. Квартален извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година (К-3);
4. Предлог-програма за работа на Советот на општина Василево за 2021 година;
5. Предлог-одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Василево за 2021 година;
6. Извештај за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2020 година;
7. Донесување на Одлука по Барањето за финасиски средства поднесено од Црковниот одбор Св. Петка од с. Требичино.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 41- та седница на Совет на општина Василево за збор се јави Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево предложи надополнување на дневниот ред:

Како 8 точка од дневниот ред да биде: Информацијата за изработка на интегриран план за локален развој на општина Василево за периодот 2021-2024 година.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Крсте Панев Како 8 точка од дневниот ред да биде: Информацијата за изработка на интегриран план за локален развој на општина Василево за периодот 2021-2024 година, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со12 гласа ,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Дневниот ред за работа на 41 - та седница на Совет,со усвоениот предлог како 8 дополнителна точка од дневниот ред да биде: Информацијата за изработка на интегриран план за локален развој на општина Василево за периодот 2021-2024 година, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

Беше отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2020 година за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година (К-1);за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 1

Немаше друг пријавено за збор; првата точка од дневниот ред Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2020 година за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година (К-1) , беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 3.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Квартален извештај за доспеаните а наизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година (К-2);за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 1

Немаше друг пријавено за збор; втората точка од дневниот Квартален извештај за доспеаните а наизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година (К-2), беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 3.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот Квартален извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година (К-3); за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 1

Сања Христова член на Советот на општина Василево побара образложение за кварталниот извештај за 2020 година

Ристо Михаилов представник од општинската администрација рече дека што се однесува за Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2020 година за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година (К-1); , реализацијата кај консолидираниот буџет во чиј состав се и буџетите на корисниците единки, т.е општинските основни училишта „Гоце Делчев“, Василево и „Атанас Нивичански“, Нова Маала и детската градинка „Прва радост“ Василево, е околу 81,5 %, додека кај основниот Буџет на општината реализацијата е 69,5%. Реализацијата кај блок дотациите е 69%, а кај кредитите и донациите 100%. Кај приходите, конкретно кај данокот на приход, реализацијата е 75%, кај неданочните приходи 55%, кај капиталните приходи 56% а кај трансферите и донациите реализацијата е 68%. Што се однесува до расходниот дел, реализацијата е 40%, со образложение рече дека од вкупниот обрт на општината кој изнесува околу 86 800 000 денари, на капитални расходи отпаѓаат 50 500 000 денари.

Околу Квартален извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година (К-3); дадено е задолжувањето на општина Василево за трите земени кредити , кредитот за водоводната мрежа во село Чанаклија, кредитот за набавка на возилото за собирање на смет на ЈПКД „ Турија “ Василево и кредитот за изградба на улица во Нова Маалаи реконструкција на улица во Пиперево Ристо Михаилов нагласи дека исплатата на сите три кредити се одвива според динамиката на договорот.

Сања Христова според даденото образложението трите кредити се плаќат според одредената динамика, според нејзина констатација општината има голем долг од 76.843.377 денари колку што изнесува и основниот Буџет на општина Василево тоа кажува дека не се одвива според предвиденото.

По затворената расправа првата точка од дневниот ред: Квартален извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година (К-3);беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа „ за„ „ против„ нема и „ 3 воздржани„

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот: Предлог-програма за работа на Советот на општина Василево за 2021 година; за збор се јави Блаже Коцев претседател на комисијата за Изработка на Предлог- Програма за работа на Советот за 2021 година рече дека комисијата ја разгледа и без никакви измени и дополнувања од 5 присутни члена ја усвои со 5 гласа „ за„ „ против„ и „ воздржани„ „ нема

Марјан Трајков праша дали се работи за Предлог Програма за работа на Совет на општина Василево за 2021 или 2022 година.

Славе Андонов представник од општинската администрација рече дека Предлог – Програмата што е на дневен ред е за 2021 година. Во 2021 година има акти што ги носи Советот а што се однесуват за 2020 година, конкретно точката која е на дневен ред на оваа

сдница Извештај за патишта. Вториот дел од Програмата се однесува на актите кои се за тековната 2021 година и за идната 2022 година .

Немаше друг пријавено за збор; четвртата точка од дневниот: Предлог-програма за работа на Советот на општина Василево за 2021 година; беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа „ за„ „ против„ и „воздржани„ нема

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот: Предлог-одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Василево за 2021 година; за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 1

Ристо Михаилов Претставник од општинската аддминистрација во образложението рече дека се однесува за распределба на вишок на средства што се пренесува од минатата година на градинките и двете основни школи буџетски корисници во износ од 3.482.921 денари.

Немаше друг пријавено за збор; петата точка од дневниот ред:Предлог-одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Василево за 2021 година; беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа „ за„ „ против„ нема, и „воздржани„ 3

6.

По отворената расправа по шесетата точка од дневниот: Извештај за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2020 година; за збор се јави Крсте Панев претседател на комисијата за Урбанизам рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 3 гласа „ за„ „ против„нема и „ воздржани„ „ 2

Немаше друг пријавено за збор; шестата точка од дневниот ред Извештај за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2020 година; година; беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа „ за„ „ против„ нема, и „воздржани„ 3

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барањето за финасиски средства поднесено од Црковниот одбор Св. Петка од с. Требичино,за збор се јави Блаже Коцев член на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој рече дека комисијата го разгледа барањето од 4 присутни члена го усвои со 4 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема беше усвоен предлогот да се доделат средства во износ од 30.000 денари за изградба и реконструкција на црквата Св. Петка од с. Требичино

Немаше друг пријавено за збор; предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 30.000 000 денари, за изградба и реконструкција на црквата Св. Петка од с. Требичино беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа „ за„ „ против„ и „ воздржани„ „ нема.

Седмата точка: Донесување на Одлука по Барањето за финасиски средства поднесено од Црковниот одбор Св. Петка од с. Требичино, со усвоениот предлог да се доделат финансиски средства во износ од 30.000 000 денари, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа „ за„ „ против„ и „ воздржани„ „ нема.

8.

По отворената расправа по Осмата точка од дневниот ред: Информацијата за изработка на интегриран план за локален развој на општина Василево за периодот 2021-2024 година. Образложение даде Верче Миткова претставник од општинската аддминистрација рече дека е важен стратешки документ со важност од 4 години. Се подготвуваше во текот на 2020 година од страна на тим предводен од градоначалникот и Симона Стојанова, сеуште е во нацрт верзија. Се формира тим лидери во општината од општинската администрација, тоа се Бранко Андонов Славе Андонов и Симона Стојанова каде што дел од нив веќе имаат дадено одредени забелешки за овој стратешки документ сега се информират и советниците доколку сакат и тие да се уклучат во завршната фаза пред да биде даден на усвојување.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 41- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател
Крсте Панев